РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

| Примено | 25.03.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организац. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 18 | 371/1 | | |

( Образец ПП……)

**До: ОПШТИНА** Демир Хисар
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted] ул. [redacted] со телефонски број [redacted] и емаил адреса [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:///
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република С. Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
**Дали општината, односно јавните установи и јавните претпријатија под нејзина надлежност имаат склучено договор за проверка и сервисирање на противпожарни апарати и противпожарни хидранти во сите установи кои се во надлежност на општината?**
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** Д.Х. 25.3. **.2025 година**

[redacted] **Потпис**
________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Датум:** 14.04.2025

**ДО:** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-371/1 од 25.03.2025 година наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со склучен договор за проверка и сервисирање на ПП апарати и ПП хидранти,се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со склучен договор за проверка и сервисирање на ПП апарати и ПП хидранти.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 25.03.2025 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 25.03.2025 година под архивски број 18-371/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 14.04.2025 година, под бр. 18-371/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

__________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресури

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

Општина Демир Хисар и јавните установи и претпријатија под нејзина надлежност проверката и сервисирањето на ПП апаратите и ПП хидрантите го вршат по доставена фактура од причини што според Законот јавни набавки штом сумата не надминува 1000 евра со ДДВ, не се спроведува постапка за јавна набавка, туку се врши исплата по доставена фактура. Напоменуваме дека секоја установа или претпријатие самостојно ги исплаќаат фактурите а Општина Демир Хисар единствено за опремата во општинската зграда и ТППЕ Демир Хисар.

Фирмите ДООЕЛ ЕВРОСИГУРНОСТ увоз извоз Битола со рег.бр.08-51/4 („Службен весник на РМ“ бр.208/2018) и ХЕЛИУМ ДООЕЛ Скопје рег.бр.08-11/2 ((„Службен весник на РМ“ бр.49/2019) кои ги вршат проверките и сервисирањето на ПП апаратите и ПП хидрантите во Општина Демир Хисар и јавните установи и претпријатија под нејзина надлежност, имаат овластување за одржување, сервисирање и испитување на ПП апаратите како и одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси, што е видно од „Издадени Овластувања за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси и Овластувања за одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати од страна на Дирекцијата за заштита и спасување“.

**По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Игор Дамјаноски,**
**раководител на одделение за управување со човечки ресурси**

**-----------------------------------**